# АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Живко Брајковски 1
info@asgostivar.mk
042/221-544

2021

## СОДРЖИНА

1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД 3

2. СУДСКА УПРАВА 4

3. КВАЛИТЕТ НА РАБОТЕЊЕТО НА НИВО НА СУД 5

4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ОДДЕЛ:

а) кривичен оддел 5

б) граѓански оддел 7

5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ОДДЕЛ:

а) кривичен оддел 9

б) граѓански оддел 10

6. СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ 11

7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ:

судската функција 11

судска служба 12

8. ИЗВЕШТАЈ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА 12

9. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ 13

10. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 13

11. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ 14

12. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ 15

13. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ 15

## 1. Предметно работење на ниво на суд

Апелациониот суд Гостивар како самостоен и независен државен орган, суди врз основа на Уставот на Република Северна Македонија, законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, со што ја обезбедува единствената примена на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Во текот на извештајниот период, судот со максимално ангажирање на сите вработени- судиите, стручниот кадар и административно-техничкиот персонал, остана посветен на настојувањата за ефикасно и квалитетно извршување на судската функција, во рамките на своите надлежности со максимална посветеност за целосна реализација на програмата за работа за 2021 година.

Во овој период судот вкупно во работа имал 3.870 предмети, која бројка ја сочинуваат 471 предмет пренесен како остаток од претходната година и 3.399 новопримени предмети.

Приливот на нови предмети во однос на предходната година, кога изнесувал 2.923 предмети е зголемен за 476 предмети и изнесува 3.399 предмети.

Во текот на извештајниот период, судот решил 3.207 предмети што претставува зголемување од 417 предмети во однос на минатата година, додека на крајот од годината останале нерешени вкупно 663 предмети.

Според статистичките податоци за бројот на предмети во извештајниот период во споредба со предходната 2020 година во **кривичниот оддел** се констатира зголемување на приливот за 112 предмети. Приливот на предмети е зголемен во уписниците "КЖ", "КСЖ" и "КР", и тоа во уписникот "КЖ" за 84 предмети, во уписникот "КСЖ" за 43 предмети и во уписникот "КР" за 19 предмети, додека во останатите уписници има намалување на приливот и тоа во уписникот "КЖМ" за 4 предмети и во уписникот "ПРКЖ" за 30 предмети. Во **граѓанскиот оддел** во извештајниот период има зголемување на приливот за 364 предмети во однос на 2020 година. Приливот на предмети е зголемен во уписниците "ГЖ", "РОЖ" и "Р", и тоа во уписникот "ГЖ" за 180 предмети, во уписникот "РОЖ" за 202 предмети и во уписникот "Р" за 4 предмети, додека уписникот "ТСЖ" се бележи намалување од 22 предмети во однос на минатата година.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- **До 1 месец** решени се 1.239 предмети или 38,63%,
- **Од 1-3 месеци** решени се 965 предмети или 30,09%,
- **Од 3-6 месеци** решени се 812 предмети или 25,32%,
- **Над 6 месеци** решени се 191 предмет или 5,96%.

## ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД

| Уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопри-мени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 153 | 530 | 0 | 0 | 683 | 505 | 178 |
| КЖМ | 2 | 10 | 0 | 0 | 12 | 10 | 2 |
| КСЖ | 11 | 187 | 0 | 0 | 198 | 198 | 0 |
| ПРКЖ | 20 | 539 | 0 | 0 | 559 | 558 | 1 |
| КР | 1 | 59 | 0 | 0 | 60 | 60 | 0 |
| ГЖ | 191 | 1175 | 0 | 0 | 1366 | 1079 | 287 |
| РОЖ | 54 | 724 | 0 | 0 | 778 | 621 | 157 |
| ТСЖ | 39 | 150 | 0 | 0 | 189 | 151 | 38 |
| Р | 0 | 25 | 0 | 0 | 25 | 25 | 0 |
| **ВКУПНО** | **471** | **3.399** | **0** | **0** | **3.870** | **3.207** | **663** |

## 2. СУДСКА УПРАВА

Во однос на судската управа, приливот на нови предмети во извештајниот период изнесува 1.324 предмети, што претставува зголемување од 189 предмети во однос на минатата година.

Од нив, 1202 предмети се од уписникот “СУ” - уписникот за Судска управа, 11 предмети се од уписникот “СУ-ДОВ” – Доверлив уписник за судска управа, 25 предмети се од уписникот “УПП” – уписник за евиденција на преставки и поплаки, 78 предмети се од уписникот “ИЗЗ” – уписник за изземањето на судиите и претседателот и 8 предмети се од уписникот “СПИ” – уписник за слободен пристап до информации.

Во текот на извештајниот период, сите предмети од судска управа се завршени.

| Уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ | 0 | 1202 | 0 | 1202 | 1202 | 0 |
| СУ-ДОВ | 0 | 11 | 0 | 11 | 11 | 0 |
| СУ-СТР-ДОВ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УПП | 0 | 25 | 0 | 25 | 25 | 0 |
| ИЗЗ | 0 | 78 | 0 | 78 | 78 | 0 |
| СПИ | 0 | 8 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **1.324** | **0** | **1.324** | **1.324** | **0** |

## 3. Квалитет на работење на ниво на суд

Според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, Судот го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, вратени се вкупно 132 судски одлуки, од кои **потврдени** се 96 одлуки или 2,99% од решените предметите, **преиначени** се 8 одлуки или 0,25% од решените предметите и **укинати** се 28 одлуки или 0,87% од решените предмети.

| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 3.207 | 96 | 2,99% | 28 | 0,87% | 8 | 0,25% |

Во однос на процент од вратените одлуки од Врховниот суд, **потврдени** се 72,73% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, **преиначени** се 6,06% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек и **укинати** се 21,21% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек.

| Одлуки по ВПЛ | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 132 | 96 | 72,73% | 28 | 21,21% | 8 | 6,06% |

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### А) Кривичен оддел

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2021 година, постапувале пет кривични совети од кои два совета решаваат предмети од уписникот „КЖ“ - второстепени кривични предмети и од уписникот „ПРКЖ“ - второстепени прекршочни предмети додека еден кривичен совет за решавање на кривични предмети од уписникот „КЖМ“, согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапува исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“, еден кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.

Во текот на 2021 година во Кривичниот оддел постапувале 4 судии вклучувајќи го и престедателот на судот.

Во Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имало 1.512 предмети од кои 187 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 1.325 предмети се новопримени, при што судот вкупно решил 1.331 предмет, а на крајот од годината останале нерешени 181 предмет кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот вкупно во работа во овој оддел имал 1.281 предмет, во извештајниот период обемот на работа е зголемен за 231 предмет и изнесува 1.512 предмети, а тоа се должи на зголемениот прилив кој е за 112 предмети поголем во однос на претходната година, како и зголемениот остаток од минатата година за 119 предмети.

Бројот на решените предмети во кривичниот оддел во извештајниот период е зголемен за 237 предмети во однос на претходната година кога изнесувал 1.094 предмети и изнесува 1.331 предмет. Додека бројот на нерешени предмети кој во 2020 изнесувал 187 предмети, во овој извештаен период е намален за 6 предмети и изнесува 181 предмет.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа по уписникот "КЖ" имало 683 кривични предмети што е зголемување од 181 предмет во однос на 2020 година. Од нив 153 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 530 се новопримени предмети , што е за 84 предмети повеќе од 2020 година. Вкупно се решени 505 предмети, што е за 156 предмети повеќе во однос на минатата година. На крајот од годината останале нерешени 178 предмети, односно за 25 предмети повеќе од 2020 година.

Во уписникот „КЖМ" кривични предмети во постапка против малолетници, се бележи намалување од 4 предмети во однос на минатата година, односно биле примени 10 предмети. Заедно со 2-та предмета кои останале нерешени од минатата година, вкупно во работа биле 12 предмети. Од нив решени се 10 предмети и 2 предмети се пренесуваат како нерешени за наредната година.

Во уписникот „КСЖ" кривичен совет вкупно во работа имало 198 предмети што е зголемување за 49 предмети во однос на 2020 година. Од нив 11 предмети се пренесени како нерешени од предходната година и 187 се новопримени предмети, односно 43 предмети повеќе од 2020 година. Во текот на извештајниот период решени се сите 187 предмети.

Во уписникот „ПРКЖ" прекршочни предмети заведени се 539 предмети односно 30 предмети помалку од 2020 година. Имајќи ги предвид 20 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 559 предмети, од кои во текот на извештајниот период решени се 558 предмети, додека 1 предмет се пренесува како нерешен следната година, што преставува намалување од 19 предмети во однос на минатата година.

Во уписникот „КР" вкупно во работа имало 60 предмети што претставува зголемување од 20 предмети во однос на минатата. Од нив 59 предмети се новопримени и 1 предмет е пренесен како нерешен од 2020 година. Во текот на извештајниот период решени се сите 60 предмети.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- **До 1 месец** решени се 706 предмети или 53,04%,
- **Од 1-3 месеци** решени се 272 предмети или 20,44%,
- **Од 3-6 месеци** решени се 303 предмети или 22,76%,
- **Над 6 месеци** решени се 50 предмети или 3,76%.

### Предметно работење на ниво на Кривичен оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 153 | 530 | 0 | 0 | 683 | 505 | 178 |
| КЖМ | 2 | 10 | 0 | 0 | 12 | 10 | 2 |
| КСЖ | 11 | 187 | 0 | 0 | 198 | 198 | 0 |
| ПРКЖ | 20 | 539 | 0 | 0 | 559 | 558 | 1 |
| КР | 1 | 59 | 0 | 0 | 60 | 60 | 0 |
| **ВКУПНО** | **187** | **1.325** | **0** | **0** | **1.512** | **1.331** | **181** |

Б) Граѓански оддел

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите и останатите вработени за 2020 година, беа два совета кои постапуваат по предметите заведени во уписникот „ГЖ“ второстепени граѓански предмети и трет совет, кој постапува по предметите за трговските и работни спорови во уписникот „ТСЖ“ второстепени предмети по трговски спорови и во уписникот „РОЖ“ предмети од работни спорови. Во рамките на Граѓанскиот оддел постои и посебен совет кој ги работи предметите П5 – утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета, а исто така постои и посебен стечаен совет кој ги работи предметите поврзани со стечај.

Во текот на 2021 година во Граѓанскиот оддел постапувале 7 судии.

Во Граѓанскиот оддел во извештајниот период вкупно во работа имало 2.358 граѓански предмети, од кои 284 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 2.074 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 1.876 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 482 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година, кога Судот во работа имал вкупно 1.980 предмети, обемот на работа во извештајниот период е зголемен за 378 предмети и изнесува 2.358 предмети, што се должи на зголеметиот прилив на нови предмети. Имено, во однос на минатата година кога се примени 1.710 предмети, во 2021 година се примени 2.074 предмети односно 364 предмети повеќе.

Во однос на решените предмети, во 2020 биле решени вкупно 1.696 предмети, додека во 2021 година тој број е зголемен за 180 предмети и изнесува 1.876 решени предмети. На крајот од годината останале нерешени 482 предмети, односно 198 предмети повеќе од 2020 година.

Во уписникот „ГЖ“ граѓански предмети, вкупно во работа биле 1.366 предмети, што е зголемување од 211 предмети во однос на минатата година. Од нив 191 предмет бил нерешен од предходната година и 1.175 се новопримени предмети, што претставува зголемување од 180 предмети во однос на 2020 година. Бројот на решени предмети изнесува 1.079 предмети, или 115 предмети повеќе од минатата година. Исто така има зголемување и кај остатокот од

нерешени предмети за 96 предмети и изнесува 287 нерешен предмет, кои се пренесуваат за наредната година.

Во уписникот „ТСЖ“ трговски спорови, заведени се 150 предмети или 22 предмети помалку од 2020 година, па имајќи ги предвид и 39 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 189 предмети. Од нив решени се 151 предмети односно 12 предмети помалку од минатата година, додека останале нерешени 38 предмети.

Во уписникот „РОЖ“ работни спорови заведени се 724 предмети што претставува зголемување од 202 предмети во однос на мината година. Имајќи ги предвид 54 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 778 предмети. Од нив во текот на извештајниот период решени се 621 предмет, што претставува зголемување од 73 предмети во однос на минатата година. Како нерешени останале 157 предмети или 103 предмети повеќе од 2020 година.

Во уписникот „Р“ разни граѓански предмети, се бележи зголемување од 4 предмети во однос на 2020 година, односно примени се 25 предмети и истите се решени, при што нема остаток за наредната година.

Советот кој работи на утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета во извештајниот период во работа имал вкупно 15 предмети, од кои 14 се решени во извештајниот период, додека 1 останал нерешен и се пренесува за наредната година. Советот кој ги работи предметите поврзани со стечај, вкупно во работа во 2021 имал 2 предмети и истите се завршени.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- **До 1 месец** решени се 533 предмети или 28,41%,
- **Од 1-3 месеци** решени се 693 предмети или 36,94%,
- **Од 3-6 месеци** решени се 509 предмет или 27,13%,
- **Над 6 месеци** решени се 141 предмети или 7,52%.

## Предметно работење на ниво на Граѓански оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 191 | 1.175 | 0 | 0 | 1.366 | 1.079 | 287 |
| РОЖ | 54 | 724 | 0 | 0 | 778 | 621 | 157 |
| ТСЖ | 39 | 150 | 0 | 0 | 189 | 151 | 38 |
| Р | 0 | 25 | 0 | 0 | 25 | 25 | 0 |
| **ВКУПНО** | **284** | **2.074** | **0** | **0** | **2.358** | **1.876** | **482** |

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

### А) Кривичниот оддел

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година го задржал високиот квалитет во работењето, според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд.

Имено, во извештајниот период вкупно вратени се 34 одлуки за кривичните предмети. Од нив 28 одлуки се **потврдени** односно 2,10% од вкупно решените предмети, 5 одлуки се **укинати** односно 0,38% од вкупно решените предмети и 1 одлука е **преиначена** односно 0,08% од вкупно решените предмети во овој оддел.

Во уписникот "КЖ" потврдени се 25 одлуки односно 4,95% од вкупно решените предмети, 5 одлуки се укинати односно 0,99% од вкупно решените предмети и 1 одлука е преиначена, односно 0,20% од вкупно решените предмети во овој уписник.

Во уписникот "КСЖ" од вратените 3 одлуки сите се потврдени односно 1,52% од вкупно решените предмети во овој уписник.

| Уписник | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 505 | 25 | 4,95% | 5 | 0,99% | 1 | 0,20% |
| КЖМ | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 198 | 3 | 1,52% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 558 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КР | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **1.331** | **28** | **2,10%** | **5** | **0,38%** | **1** | **0,08%** |

Во однос на вратените 34 одлуки од Врховниот суд, **потврдени** се 82,35% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, **укинати** се 14,71% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и **преиначени** се 2,94% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "КЖ" од вкупно 31 одлука, потврдени се 25 одлуки односно 80,65% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, 5 одлуки се укинати односно 16,13% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 1 одлука е преиначена, односно 3,23% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "КСЖ" од вратените 3 одлуки, сите се потврдени односно 100% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

| Уписник | Одлуки по ВПЛ | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 31 | 25 | 80,65% | 5 | 16,13% | 1 | 3,23% |
| КЖМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 3 | 3 | 100% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КР | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **34** | **28** | **82,35%** | **5** | **14,71%** | **1** | **2,94%** |

## Б) Граѓанскиот оддел

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, во извештајниот период од Врховниот суд вратени се 98 одлуки, од нив 68 одлуки се **потврдени** односно 3,62% од вкупно решените предмети, 7 одлуки се **преиначени** односно 0,37% од вкупно решените предмети и 23 одлуки се **укинати** односно 1,23% од вкупно решените предмети во овој оддел.

- Во уписникот "ГЖ" потврдени се 44 предмети односно 4,08% од вкупно решените предмети, 4 одлуки се преиначени односно 0,37% од вкупно решените предмети и 16 одлуки се укинати односно 1,48% од вкупно решените предмети во овој уписник.
- Во уписникот "ТСЖ" потврдени се 12 одлуки односно 7,95% од вкупно решените предмети, 1 одлука е преиначена односно 0,66% од вкупно решените предмети и 5 одлуки се укинати односно 3,31% од вкупно решените предмети во овој уписник.
- Во уписник "РОЖ" потврдени се 12 одлуки односно 1,93% од вкупно решените предмети; 2 одлуки се преиначени односно 0,32% од вкупно решените предмети и 2 одлуки се укинати односно 0,32% од вкупно решените предмети во овој уписник.

| Уписник | Решени предмети | Потврдени | | Преиначени | | Укинати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 1.079 | 44 | 4,08% | 4 | 0,37% | 16 | 1,48% |
| ТСЖ | 151 | 12 | 7,95% | 1 | 0,66% | 5 | 3,31% |
| РОЖ | 621 | 12 | 1,93% | 2 | 0,32% | 2 | 0,32% |
| Р | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **1.876** | **68** | **3,62%** | **7** | **0,37%** | **23** | **1,23%** |

Во однос на вратените 98 одлуки од Врховниот суд, **потврден**и се 69,39% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, **укинати** се 23,47% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и **преиначени** се 7,14% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

- Во уписникот "ГЖ" од вратените 64 одлуки, потврдени се 44 предмети односно 68,75% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, 4 одлуки се преиначени односно 6,25% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 16 одлуки се укинати односно 25% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.
- Во уписникот "ТСЖ" од вратените 18 одлуки, потврдени се 12 одлуки односно 66,67% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек, 1 одлука е преиначена односно 5,56% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 5 одлуки се укинати односно 27,77% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.
- Во уписник "РОЖ" од вратените 16 одлуки, потврдени се 12 одлуки односно 75% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек; 2 одлуки се преиначени односно 12,5% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек и 2 одлуки се укинати односно 12,5% од бројот на предмети кои биле по вонреден правен лек.

| Уписник | Одлуки по ВПЛ | Потврдени | | Преиначени | | Укинати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 64 | 44 | 68,75% | 4 | 6,25% | 16 | 25% |
| ТСЖ | 18 | 12 | 66,67% | 1 | 5,56% | 5 | 27,77% |
| РОЖ | 16 | 12 | 75% | 2 | 12,5% | 2 | 12,5% |
| Р | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **98** | **68** | **69,39%** | **7** | **7,14%** | **23** | **23,47%** |

## 6. Состојба со стари предмети

Како стари предмети во овој извештаен период, вкупно во работа имало 187 предмети, од кои 12 предмети биле пренесени како стари нерешени од предходната година и 175 предмети биле новопримени, односно им поминал периодот од 6 месеци од денот на приемот на предметот во Судот. Од нив биле решени вкупно 166 предмети, а на крајот од годината останале 21 нерешен стар предмет кои се пренесуваат за наредната година.

| Уписник | Нерешени стари предмети | Новопримени стари предмети | Вкупно во работа на стари предмети | Решени стари предмети | Остаток на стари предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 7 | 41 | 48 | 41 | 7 |
| КСЖ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| ГЖ | 3 | 99 | 102 | 92 | 10 |
| РОЖ | 2 | 7 | 9 | 7 | 2 |
| ТСЖ | 0 | 24 | 24 | 22 | 2 |
| **ВКУПНО** | **12** | **175** | **187** | **166** | **21** |

## 7. Извештај за човечки ресурси

### Судската функција

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ Бр.07-1103/1 од 04.06.2012 година, судската функција во Апелационен суд Гостивар утврдено е да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, меѓутоа, во текот на извештајната година, Судот функционираше во нецелосен состав на судии, со тоа што судската функција ја извршиле 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Според извештајот за 2021 година, Апелационен суд Гостивар имаше проблем со недостаток на судии. Од таа причина судот не беше ефикасен и ажурен во совладување на приливот на предмети во одредени месеци, во зависност од обемот на примени нови предмети. Оваа неефикасност и неажурност на судот се очекува да се продлабочува, се додека не се превземат мерки за избор на нови судии, со цел подобро и по успешно функционирање на суд.

СУДСКА СЛУЖБА

Стручните судски службеници во текот на извештајната година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, во врска со изработката на судските одлуки и друго.

Согласно, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелациониот суд Гостивар, работите во судската служба е предвидено да ги вршат стручен, помошно стручен и административно - технички персонал, и тоа: судски службеници 110 извршители, технички персонал вработени по ЗРО 10 извршители и по однос на работите на судската полиција 8 извршители, односно вкупно предвидено е 128 извршители.

Во поглед на пополнетоста на работните места според Систематизацијата на овој суд, до крајот на извештајната година односно до 31.12.2021, работните задачи ги извршувале 32 судски службеници, 2 хигеничар, 1 возач и 1 припадник на судската полиција, додека неисполнети работни места според Систематизацијата, изнесува 91 извршител.

Во текот на 2021 година, Апелационен суд Гостивар има реализирано пет нови вработување преку јавен оглас и тоа: 2 Хигеничари, 1 Самостоен референт – книговодител, 1 Судски реферетн – дактилограф и 1 припадник на судската полиција и едно ново вработување Помлад судски соработник со трајно преземање преку к-5 програмата од Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците на РСМ.

Со оглед на тоа, еден судски службеник е во мирување поради стручно усовршување до 11.02.2022 година, а во 2021 година три работни места се испразнети и тоа: еден Советник инжинер информатичар (спогодбено), еден Самостоен референт – книговодител (со преземање во основен суд Дебар) и еден Хигеничар (со преземање во основен суд Гостивар).

На крајот на извештајната година, Судот е со следен состав, и тоа: 1 Раководител на служба, 1 Раководител на одделение по информатика, 7 Судски советници, 2 Судски соработници, 6 Помлади судски соработници, 2 Соработници преведувачи - толкувачи, 1 Помлад соработник – економист, 1 Самостоен референт сметководител, 1 Самостоен судски референт во одделение по информатика, 1 Виш судски референт во писарница на кривичниот оддел, 1 Помлад судски референт во писарница на граѓанскиот оддел, 1 Виш судски референт во судската архива, 6 судски референти – дактилографи, 1 возач, 2 хигиеничари и 1 припадник на судската полиција.

Апелациониот суд Гостивар за да постигне максимална ефикасност во работењето во сите оддели и области, односно квалитетно и стручно да ги извршува сите работни задачи и цели во рамките на своите надлежности, потребни се нови вработувања на стручен кадар како и на административно –технички персонал и на припадници на судска полиција.

## 8. Извештај за усогласување на судска пракса

Согласно овластувањата предвидени со Судскиот деловник (“Службен весник на РМ”, бр.66/2013) Одделот за судска пракса, донесува Годишен план за работа на одделот за судска пракса во Апелационен суд Гостивар за 2021 год.

Во текот на 2021 година, одделот за судска пракса ефикасно ги извршуваше работите во своја надлежност, има одржано два работни состаноци со граѓанскиот оддел и еден состанок со кривичниот оддел, каде беа донесени заклучоци на одредени прашања. Исто така во месец

октомври беше организирана и тркалезна маса на ниво на четирите Апелациони судови во РСМ, организирана од страна на Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ каде и се донесени заклучоци.

## 9. Извештај за извршени посети на пониските судови

Врз основа на Методологијата за вршење на работни посети на основните судови од подрачјето на Апелационен суд Гостивар и утврдениот распоред за работни посети на Основните судови од ова апелационо подрачје за 2021 година, Апелационен суд Гостивар согласно одлуките и препораките од Влада на Република Северна Македонија, како и одлуката на Судски совет на Република Северна Македонија, а кои се однесуваат за превземање на заштитни мерки со цел намалување на опасноста од ширењето на пандемијата КОВИД-19, реализираше само една работна посета во месец Септември и Октомври 2021 година.

## 10. Извештај за односи со јавност

Согласно член 4 и член 12 од Законот слободен пристап до информации од јавен карактер (сл.весник на РМ, бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14, бр.148/15, бр.55/16, бр.64/18), домашните и странските правни и физичка лица имаат право на слободен пристап до информации од јавен карактер, кои се однесуваат на работата на судот.

Во извештајната 2021 година, согласно горенаведениот закон, до овој суд се доставени вкупно 7 (седум) барања, на кои во законски предвидениот рок позитивно е одговорено.

Против записниците донесени од овој суд, со кои е одговорено на побараните информации од јавен карактер, не е изјавена ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Додека до Канцеларијата за односи со јавност во извештајниот период не се доставени барања во однос на објавените одлуки на веб-страната на судот.

Во извештајниот период објавени се 3.199 анонимизирани одлуки.

Апелациониот суд Гостивар како дел од правосудниот систем во Република Северна Македонија, по повод 25-ти Октомври Европскиот ден на правдата, секоја година активно се вклучува во одбележувањето на овој ден. Имено, оваа година присуствуваа студенти од Правниот факултет при Универзитетот Интернационал – Струга со седиште во Гостивар, заедно со професорите од правниот факултет, како и локалните медиумите, и тоа: ТВ-2, ТВ Глоб и дневниот печат Гостивар-прес. На одбележувањето беа изнесени активностите на овој суд со цел граѓаните да бидат запознаени со нивните основни права во повеќе области (пристапот до правдата, медијацијата, извршувањето на судските пресуди и сл.).

## 11. Извештај за информатички технологии

Функционирањето на судот во текот на извештајниот период во поглед на информатичката технологија се одвиваше непречено, посебно во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС).

АКМИС програмата од страна на вработените се користи целосно, во сите сегменти од работењето. Имено, секој предмет односно акт, редовно се заведуваат во електронските досиеа на предметите и соодветно се процесираат. Сите потребни месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи се генерираат електронски. Истите редовно се доставуваат до надлежните институции и се објавуваат на нашата веб страна.

Во судот има една судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парнична постапка. Истата редовно се користи од страна на судиите од граѓанскиот, трговскиот и одделот за работни спорови според упатството за тонско снимање. Во текот на 2021 година снимени се тонски записи за вкупно 19 рочишта. Имајќи го во предвид значењето на овој систем и негово за успешно користење и во иднина, потребно е итно да се обезбеди одржување и надградба на истиот поради дотраеноста на опремата.

Во однос на електронската достава, во овој извештаен период не се пријавени никакви проблеми и таа се спроведува непречено преку "Системот за електронска достава на судски документи", само кон оние адвокати кои се регистрирани на порталот за е-достава. Во текот на 2021 година извршена е електронска достава на вкупно 64 писмена.

Во судот, редовно се врши скенирање на сите поднесоци во врска со судските предмети кои се доставени директно до судот и истите се прикачуваат на електронското досие на предметите во АКМИС. Во текот на 2021 година се скенирани вкупно 257 поднесоци, кои се доставени до соодветниот оддел.

Анонимизацијата на одлуките на Судот се обвива непречено и во извештајниот период објавени се вкупно 3.199 анонимизирани одлуки. Исто така web порталот на нашиот суд редовно се ажурира со месечни, квартални и годишни извештаи, како и со сите потребни информации за странките. Воедно, Апелациониот суд Гостивар редовно ја следи работата на основните судови од своето апелационо подрачје во однос на електронската достава, тонското снимање како и процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки.

Во поглед на хардверската опрема, компјутерите се заштитени со лиценциран антивирус. Во текот на 2021 година е извршена набавка на 11 компјутери, но Судот сеуште има потреба од надоградување и опремување со нова опрема, како во поглед на персонални компјутери така и во поглед на мрежни принтери.

Одредени проблеми во работењето ни предизвикува застарената пасивна мрежна опрема во Судот чиј капацитет не ги задоволува потребите за нормално функционирање, при што е потребна нејзина доградба и обновување.

Од формирањето на судот се користи постоечкиот сервер, кој го покрива целосното работење на компутерскиот систем. Оптеретеноста и дотраеноста на истиот, се чувствува во секојдневното работење што доведува до успорување на работата. Во поглед на хардверскиот капацитет воопшто не ги задоволува потребите на судот. Но, со набавката на нови сервери која е во тек, овој проблем ќе биде надминат.

Судот и оваа година го обнови сертификатот за системот за управување со квалитет ISO 9001:2015, со кој го воспостави, документира, применува и одржува системот со континуирано подобрување на истиот.

Работењето со АБМС системот се одвива непречено, навремено се надоградува и во текот на извештајниот период не се пријавени никакви проблеми.

Воедно, растот на информатичката технологија налага потреба постојано надградување и усовршување на сите вработени во судот за начинот на нејзината употреба.

## 12. Извештај за опременост и одржување на зградата на судот

Објектот на Апелациониот суд Гостивар е лоциран на Ул."Живко Брајковски" бр.1, Гостивар.

Работните простории Апелациониот суд Гостивар се на третиот спрат од објектот, на располагање има 27 канцеларии, една судска сала, два магацини и сервер сала.

Работните простории се опремени со основни средства и ситен инвентар, објектот има централен систем за ладење и греење, додека предметите се архивирани во железни ормари кои се поставени низ ходниците.

Безбедноста состојба на објектот на судот е задоволителна, во истиот објект се сместени и Основен суд Гостивар, Вишото јавно обвинителство, Основното јавно обвинителство и Државен правобранител Гостивар.

## 13. Извештај за планирани и извршени јавни набавки

Во текот на извештајната 2021 година, Апелационен суд Гостивар работеше на спроведување на набавките кои беа во рамките на предвидениот Годишниот план за јавни набавки за 2021 година. Најголем дел од набавките во текот на годината се резултат на редовните годишни набавки кои се спроведуваат секоја година за потребите на судот, исто така Претседателот се ангажираше за спроведување на неколку постапки за јавна набавка на стоки, услуги и работи, преку системот за јавни набавки, и тоа:

- набавка на ситен инвентар и средства за одржување на хигиена,
- набавка на нови компјутери;
- набавка на материјали за АОП тонери и принтери;
- набавка на канцелариски материјали;
- групна јавна набавка на Интернет услуги;
- групна набавка на услуги од Македонска пошта;
- групна набавка на хартија за печатење и копирање;
- набавка на услуги за користење на фиксна телефонија;
- групна набавка на услуги за користење на Мобилна телефонија;

- набавка на опремување на Апелациониот суд Гостивар со сертификат за Системот за управување со квалитет ISO 9001: 2015;

- реконструкција на телефонската централа;

- одржување на просториите на судот.

Сите од спроведените набавки во целост и навремено се реализираа, по однапред утврдената динамика од страна на одговорните лица за извршување на предметните набавки, а во согласност со тековните потреби на судот.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Bekim Mehmedi

Гостивар, Февруари 2022 година